# PRIMARY EDUCATION OF ADULTS – PENITENTIARY - CH - SHTIP and PMS "GOCE DELHCEV" - SHTIP - ONE SUCCESSFUL STORY

**Lidjia Kamcheva – Panova**
UGD, Faculty of Philology - Shtip, North Macedonia, lkamceva@yahoo.com
**Trajche Dimov**
PMS,, Goce Delchev" – Shtip, North Macedonia, trajdim@live.com
**Zoran Mitev**
PMS ,, Goce Delchev"- Shtip, North Macedonia, mitevzoran@gmail.com
**Slavica Nedelkova**
PMS,, Goce Delchev" – Shtip, North Macedonia, slavica.nedelkova@gmail.com
**Gordana Saneva**
PMS,, Goce Delchev" – Shtip, North Macedonia, gordana_saneva@hotmail.com
**Miki Todorov**
Penitentiary - CH – Shtip, North Macedonia, miki_todorov@abv.bg
**Slavica Pilatova**
PMS ,, Goce Delchev" – Shtip, North Macedonia, slavica.pilatova@yahoo.com

**Abstract:** Over the past few decades, adult education and training systems in Europe have come under intense pressure to modernize. Adult education is an important component of lifelong learning. From the distant 1949 onwards, adult education is discussed at UNESCO international conferences.
In the Republic of North Macedonia in September 2015, the Concept for primary education for adults was adopted, in order to improve the quality and effectiveness of primary education for adults who have not completed it.
The adult education strategy of the Republic of Macedonia 2019-2023, was developed within the IPA project, component IV „ Enhancing Lifelong Learning trough modernizing Vocational education and training and Adu1t education Systems" (Project Reference Number : Europe A1D/135834/1H/SER/MK.
The education strategy of the Republic of Macedonia for 2019-2023 is the basis for the activities of the institutions in the Republic of Macedonia in the field of education for adults in the period until 2023. It starts from the current situation in the education system and aims to gradually improve them, in accordance with the established priorities.
In the period from 2019 to 2023, all stakeholders in adult education and training should focus their efforts on achieving the following goals:

1. Increasing the attractiveness of participation in adult education
2. Establishment of a quality assurance system within the adult education
3. Development of a system for validation of prior learning
4. Improving the organization, management and financing of adult education
5. Establishment of a system for public education of adults
6. Strengthening research and development projects in the field of adult education
7. Professionalization of the staff in the field of adult education
8. Monitoring and evaluation of adult education

Having in mind the overall engagement in this segment, MES and UNDP in cooperation with the primary school "Goce Delchev" - Shtip, realized the project Primary education for prisoners in the Penitentiary-Correctional Home (CH) - Stip, as part of the UNDP project - creating opportunities for the work of all (Adult education), in accordance with legal regulations and the United Nations Development Program.
In November 2020, a team of 8 teachers and 1 psychologist from the primary school "Goce Delchev" - Shtip, inspected the convicts in the Penitentiary - Shtip, where Resocialisation sector formed groups of convicts, who were tested with tests in all subjects (which are currently taught in the regular nine-year primary education).
The formed groups started working in December 2020 with a total of 45 convicts. Primary education was conducted by 6 primary school teachers and 2 subject teachers (English language and history).
**Keywords:** primary adult education

# ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ – КПД - ШТИП и ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ЕДНА УСПЕШНА ПРИКАЗНА

**Лидија Камчева – Панова**
УГД, Филолошки факултет, Штип, Северна Македонија, lkamceva@yahoo.com
**Трајче Димов**
ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, trajdim@live.com
**Зоран Митев**
ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, mitevzoran@gmail.com
**Славица Неделкова**
ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, slavica.nedelkova@gmail.com
**Гордана Санева**
ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија, gordana_saneva@hotmail.com
**Мики Тодоров**
Казнено- поправен дом Штип, Северна Македонија, miki_todorov@abv.bg
**Славица Пилатова**
ООУ „Гоце Делчев“ - Штип, Северна Македонија, slavica.pilatova@yahoo.com

**Резиме:** Во изминатите неколку децении, системите за образование и обука на возрасни во Европа се ставени под силен притисок за модернизација. Образованието на возрасни е важна компонента во составот на целоживотно учење. Уште од далечната 1949 година па наваму, на меѓународните конференции на УНЕСКО се зборува за образованието на возрасните.

Во РФепублика Северна Македонија во Септември 2015 година, беше донесена Концепција за основно образование за возрасни, со цел да се подобри квалитетот и ефективноста на основното образование за возрасни кои не го завршиле.

Стратегијата за образование на возрасни на Република Македонија 2019-2023 година, е изработена во рамките на IPA проектот, компонента IV „ Enhancing Lifelong Learning trough modernizing Vocational education and training and Adu1t education Systems" (Project Reference Number : Europe A1D/135834/1H/SER/МК.

Стратегијата за образованието на Република Македонија за 2019-2023 година претставува основа за активностите на институциите во Република Северна Македонија во полето на образованиетоза возрасните во периодот до 2023 година. Таа тргнува од постојните состојби во образовниот систем и има за цел кон тоа постепено да ги подобри истите, во согласност со утврдените приоритети.

Во периодот од 2019 до 2023 година, сите чинители во образованието и обуката на возрасни треба да ги фокусираат своите напори на реализација на следните цели:

1. Зголемување на привлечноста на учеството во образованието на возрасни
2. Воспоставување систем за осигурување квалитет во рамките на образованието на возрасни
3. Развој на систем за валидација на претходно учење
4. Подобрување на организацијата, управувањето и финансирањето на образованието на возрасни
5. Воспоставување систем за јавно образование на возрасни
6. Јакнење на истражувањето и развојните проекти во областа на образованието на возрасните
7. Професионализација на кадарот во областа на образованието на возрасните
8. Следење (мониторирање) и евалуација на образованието на возрасните

Имајќи ја во предвид целокупната ангажираност во овој сегмент, МОН и УНДП во соработка со ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, го реализираа проектот Основно образование за затвореници во Казнено попрваен дом (КПД) – Штип, како дел од проектот на УНДП – креирање можности за работа на сите (Образование за возрасни), согласно законските прописи и Програмата за развоја на Обединетите нации.

Во Ноември 2020 година, тим од 8 наставници и 1 психолог од ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, извршија увид на лицата осуденици во КПД – Штип, при што Секторот за ресоцијализација при КПД формираше групи од осудени лица, кои беа тестирани со тестови од сите наставни предмети (кои моментално се изучуваат во редовното деветгодишно основно образование). Формираните групи започнаа со работа во Декември 2020 година со вкупно 45 осудени лица. Основното образование го изведуваа 6 наставници од одделенска настава и 2 наставници од предметна настава (англиски јазик и историја).

**Клучни зборови:** основно образование на возрасни

## 1. ВОВЕД

Во изминатите неколку децении, системите за образование и обука на возрасни во Европа се ставени под силен притисок за модернизација. Образованието на возрасни е важна компонента во составот на целоживотно учење.

Уште од далечната 1949 година па наваму, на меѓународните конференции на УНЕСКО се зборува за образованието на возрасните. На прват Меѓународната конференција за образование на возрасни одржана во Хелсингор – Данска во 1949 година, како последица од економската криза и Втората светска војна, од една страна, а од друга страна предизвиците од научниот и технолошкиот развој го одределе контекстот на конференцијата, меѓутоа главните цели биле насочени на минатото и неговите последици, како и дефинирање на поимот образование на возрасни и неговата цел. Бидејќи не се постигнал консензус за точна и прецизна дефиниција на поимот, се поставила само основата на образованието на возрасни на општа дефиниција на задачата: „...задачата на образованието на возрасни е да се задоволат потребите и аспирацијата на возрасните во сета нивна различност.“ (УНЕСКО, 1949:4). Задачите на образованието на возрасни биле општо поставени: да се помогне во создавање на заедничка култура како би се тргнало спротивставувањето т.н мас и т.н елита; да се поттикне духот на демократијата и толеранцијата; да им се даде на младите надеж и смодоверба; да се поттикне развојот на чувствата за припадност на „светската заедница“.(УНЕСКО, 1949:4)

Конференцијата во Монтреал, Канада во 1960 година, била структурирана околу три клучни прашања: улогата и содржината на обрзованието на возрасни во различни опкружувања, методи и техники во образованието и структурата и организацијата на образованието на возрасни. На оваа Конференција се нагласува хуманистичкиот потенцијал на образованието на возрасни и значаен дел од Конференцијата е посветен на писменоста на возрасните.

Конференцијата во Токио во 1972 година е одржана под името „Образованието на возрасните во контекст на доживотното учење“, а службени цели на оваа Конференција биле: да се истражат трендовите во образованието на возрасните во минатото десетлетие, да се размисли за функцијата на образованието во контекст на доживотното учење и функционалната писменот на возрасните. Нова тема на која се разговарало било прашањето за демократизација на образованието, односно неучеството во образованието на група на население кои се образовно непривилигирани – ова посебно се однесувало на жените.

Четвртата Меѓународна конференција на УНЕСКО била одржана во Париз во 1985 година, кога УНЕСКО е во најголема криза околу неговата ефикаснот, со работен наслов „Развој на образованието на возрасните, аспекти и трендови“. Службени теми биле: развојот на образованието на возрасните и изгледите за понатамошен развој вклучувајќи го описменувањето како природен процес, можниот придонес на образованието на возрасни како решение за некои големи проблеми во светот, приоритети во поглед на вклучувањето на возрасните во економскиот, општествениот и културниот живот како и меѓународна и регионална соработка (облици и методи) во промоција на образованието на возрасните. Декларацијата од конференцијата била насочена кон правото на учење – „право на читање и пишување, право на поставување прашања, право на пристап до образовните ресурси итн...“.

Петтата Меѓународна конференција за образование на возрасните била одржана во 1997 година во Хамбург, Германија, под мотото „Образованието на возрасните: клуч за 21 век“. Декларација од оваа конференција, образованието на возрасните го дефинира како „цел низа на трајни процеси на учење, формално и неформално, при што возрасните ги развиваат своите способности, го збогатуваат своето знаење и ја усовршуваат својата техничка или стручна способност или ја насочуваат во нова насока како би ги задоволиле своите потреби и потребите на пазарот на трудот. Се опфаќаат повеќе групи на возрасни во овој процес.

Во 2009 година во Белем, Бразил, одржана е Шестата меѓународна конференција, кога и Обединетите нации имаат иницијатива – Образование за сите. Една од трите цели на оваа конференција се однесувала на истакнувањето на улогата на образованието на возрасните за остварување на тие проекти и иницијативи на ООН. Другите две цели се однесувале на промоција на образованието како битен елемент на доживотното учење и писменоста како основа на ова образование со цел неписменоста да се намали за 50% до 2015 година во однос на 2000 година. Била нагласена поголема вклученост и правичност на одредени групи како на пример: мигранти и бегалци, луѓе со посебни потреби, руралното население. Исто така да се зголеми квалитетот и можноста за професионално усовршување на наставниците за образование на возрасни како и развој на политики кои ќе го зголемат вложувањето напори за истварливо образование на возрасни.

Во октомври 2017 година, претставници од 95 земји-членки се состанаа во Сувон, Република Кореја и направиле цврста заложба за продолжување на имплементацијата на Белемската рамка за акција (БФА), усвоена во 2009 година на шестата меѓународна конференција за образование на возрасни (Confintea VI ).

Мароко во 2022 година ќе биде домаќин на Седмата меѓународна конференција за образование на возрасни (CONFINTEA VII). Повеќе од 1.000 учесници се очекува да учествуваат на конференцијата, која ќе ги испита ефективните политики за учење и образование за возрасни во рамките на доживотното учење и во рамките на Целите на одржливиот развој на ОН (SDG). Учесниците на конференцијата ќе развијат нова рамка за акција за учење и образование на возрасни кои ќе ја заменат Белемската рамка за акција (БФА), усвоена во Confintea VI во 2009 година. Confintea VII ќе ги охрабри земјите од УНЕСКО да ги постават политиките, стимулациите, регулаторните рамки и институционалните структури и механизми за да придонесат за култура на човековите права, социјалната правда, споделени вредности и одржливост. Посебно внимание ќе се посвети на користење на информатички и комуникациски технологии за промовирање на пристап до учење и образование на возрасни.

## 2. СОСТОЈБАТА ВО РСМ

Центарот за образование на возрасни (ЦОВ) е формиран од страна на Владата на РМ во ноември 2008 година и започна да функционира во јуни 2009 година. Со ЦОВ раководи Управен одбор со 10 членови кои ги претставуваат: МОН, МТСП, стопанските комори, Комората на занаетчии на Република Македонија, ЗЕЛС и ЦОВ. Главна цел на ЦОВ е да придонесува за задоволување на социо-економските потреби на земјата, како и на потребите на пазарот на трудот и да го помага професионалниот развој на поединци. Меѓу главните задачи на ЦОВ се: промовирање на образованието на возрасните, координирање на соработката со меѓународните институции и со други организации за образование на возрасни, обезбедување квалитет особено преку воспоставување стандарди и критериуми за формално и неформално образование на возрасните.

Во Септември 2015 година, беше донесена Концепција за основно образование за возрасни, со цел да се подобри квалитетот и ефективноста на основното образование за возрасни кои не го завршиле. Операционализацијата на концепцијата ќе овозможи зголемување на стапките на возрасни вклучени во доживотно учење и вертикална проодност кон стручно и општо средно образование. Програмата за основно образование за возрасни е дизајнирана за да се заснова на клучните компетенции (препорачани од Европската комисија). Концепцијата еподготвена од страна на ЦОВ со поддршка од УНДП.

Исто така, во септември 2015 година беше донесена Концепција за неформално образование и информално учење на возрасните,подготвена од страна на ЦОВ со поддршка од Европската фондација за обука. Документот ги дизајнира условите коишто ќе овозможат интеграција на неформалното образование во системот за образование и обука и ќе овозможи сертификација на резултатите од неформалното образование според Националната рамка на квалификации.

Паралелно со Стратегијата за образование na возрасните 2019-2023, се подготвува и Концепција за доживотно учење.

Стратегијата за образование на возрасни на Република Македонија 2019-2023 година, е изработена во рамките на IPA проектот, компонента IV „ Enhancing Lifelong Learning trough modernizing Vocational education and training and Adu1t education Systems" (Project Reference Number : Europe A1D/135834/1H/SER/МК.

Стратегијата за образованието на Република Македонија за 2019-2023 година претставува основа за активностите на институциите во Република Македонија во полето на образованиетоза возарсните во периодот до 2023 година. Таа тргнува од постојните состојби во образовниот систем и има за цел кон тоа постепено да ги подобри истите, во согласност со утврдените приоритети.

Оваа стратегија со Акциски план постулира активности, резултати, политики и операции, кои треба да се спроведат за да го унапредат образованието на возрасните во Македонија.

Во 2015 година, во Њујорк,193 држави членки на Обединетите Нации се договорија за новата глобална развојна агенда, т.н. „Цели за одржлив развој" (SustainaЬIe Development Goa1s - SDGs). Целите за одржлив развој опфаќаат Каталог со 17 цели и вкупно 169 потцели. Главната цел е да се победи сиромаштијата во светот до 2030 година, да се обезбеди благосостојба за сите, а воедно да се заштити планетата од климатските промени. Образованието, а посебно холистичкиот пристап кон образованието и доживотното учење играат клучна ynora во достигнувањето на овие цели. Република Македонија е потписник на новата Развојна агенда „2030" и има обврска да ги спроведува предвидените цели.

Во Република Македонија има неколку видови на институции кои го сочинуваат системот на образование на возрасните.

Според Законот за образование на возрасни во Република Северна Македонија:

1.Образование на возрасните е дел од системот на образованието кој обезбедува образование, усовршување, оспособување и учење за возрасните лица;

2. Понудувачи на услуги за образование на возрасните се:
а) установа за образование на возрасните е училиште, високообразовна установа, како и специјализирани установи за образование на возрасните и
б) институција за образование на возрасните е правно или физичко лице кое има регистрирано дејност за образование на возрасните;
Образованието и обуката на возрасните претставуваат составен дел од концептот на доживотно учење. Тие обезбедуваат можности за континуирано и непречено образование и обука во текот на животот и придонесуваат кон формирањето на граѓани коишто се подготвени за активно учество во едно општество коешто е базирано на знаење.
Стратегијата за образованието на Република Македонија за 2019-2023, се води од принципите на: еднаквост (еднакви можности), релевантност, вработливост, квалитет, општествена одговорност, соработка и партнерство, транспарентност, флексибилност и одржливост.
Образованието мора да биде достапно за сите коишто хсивеат во Република Македонија, без оглед на возраста, nonoT, верската или етничката припадност, здравствената состојба, социјалната или финансиската состојба. Исто така, образованието и обуката мора да ги исполнуваат сите барања за ефикасност и ефективност, со цел na сите да им обезбедат доволно општо и стручно образование.

**Стратешки цели за 2019 - 2023 година**

Во периодот од 2019 до 2023 година, сите чинители во образованието и обуката на возрасни треба да ги фокусираат своите напори на реализација на следните цели:
1. Зголемување на привлечноста на учеството во образованието на возрасни
2. Воспоставување систем за осигурување квалитет во рамките на образованието на возрасни
3. Развој на систем за валидација на претходно учење
4. Подобрување на организацијата, управувањето и финансирањето на образованието на возрасни
5. Воспоставување систем за јавно образование на возрасни
6. Јакнење на истражувањето и развојните проекти во областа на образованието на возрасните
7. Професионализација на кадарот во областа на образованието на возрасните
8.Следење (мониторирање) и евалуација на образованието на возрасните

Имајќи ја во предвид целокупната ангажираност во овој сегмент, МОН и УНДП во соработка со ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, го реализираа проектот Основно образование за затвореници во Казнено попрваен дом (КПД) – Штип, како дел од проектот на УНДП – креирање можности за работа на сите (Образование за возрасни), согласно законските прописи и Програмата за развоја на Обединетите нации.
Во Ноември 2020 година, тим од 8 наставници и 1 психолог од ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, извршија увид на лицата осуденици во КПД – Штип, при што Секоторот за ресоцијализација при КПД формираше групи од осудени лица, кои беа тестирани со тестови за валидизација на претходните знаења од сите наставни предмети (кои моментално се изучуваат во редовното деветгодишно основно образование).
На почетокот беа пријавени 51 осудено лице - кандидати и сите беа тестирани.
Формираните групи започнаа со работа во Декември 2020 година со вкупно 45 осудени лица. Основното образование го изведуваа 6 наставници од одделенска настава и 2 наставници од предметна настава (англиски јазик и историја).
Сите осудени лица - кандидати се од машки пол, на различна возраст и тоа: од 18 до 30 годишна возраст – 27 лица, од 31 до 40 годишна возраст – 9 лица, од 41 до 50 годишна возраст – 7 лица и над 50 годишна возраст – 2 осудени лица.



Од вкупно 45 осудени лица - кандидати кои посетуваа настава, 22 беа без образование, завршено основно образование до второ одделение имаа 2 осудени лица, завршено основно образование до четврто одделение имаа 13 осудени лица, 6 осудени лица имаа завршено основно образование до петто одделение, 1 осудено лице до шесто одделение и 1 осудено лице со завршено осмо одделение, сите во склоп на редовната настава.




Наставната програма по предметите се реализираше со определен фонд на часови и според содржини подготвени од страна на Бирото за развој на образованието и тоа:
македонски јазик – 6 часа
англиски јазик – 2 часа
математика – 5 часа и
општество и култура (општество, музичко образование, ликовно образование и физичко и здравствено образование) – 2 часа.
По почетното тестирање и покажаните резултати беа формирани 6 групи од по 8 до 10 кандидати (сите кандидати почнаа од прво ниво). Наставата се реализираше во две смени, на 3 места во КПД – Штип и тоа: во библиотеката, во детското катче и во една училница опремена со компјутери.
Наставните програми се реализираа по однапред утврден распоред за секој ден од понеделник до петок и според содржините предвидени од БРО. Програмите за основно образование на возрасните се изградени со структура составена од детални очекувани резултати од учењето (РУ), кои произлегуваат од подрачјата, темите и содржините утврдени со Програмата за редовно основно образование - изготвена од Бирото за развој на образованието на Република Северна Македонија. Програмите овозможуваат примена на мерки за признавање на претходно стекнато формално, неформално и информално учење. Програмите се концепирани на начин што темите, содржините и соодветните на нив резултати од учењето се распоредени во шест нивоа. Тоа овозможува оптимална диференцијација при проценувањето на постојните знаења и вештини и оптимално напредување низ нивоата.
За секое подрачје од Програмите, во согласност со соодветните теми или содржини, дефинирани се очекувани резултати од учењето и критериумите за оценување. Очекуваните резултати од учењето претставуваат стандарди за знаењата, вештините и компетенциите кои кандидатите треба да ги постигнат за секое ниво и на крајот на процесот на стекнување на основно образование. Со цел да одговори на потребите на возрасните и на барањата со кои тие се соочуваат за активно вклучување во општествените процеси и на пазарот на трудот, во Програмите се инкорпорирани соодветни резултати од учењето за клучните компетенции. Резултатите од учењето се операционализирани преку критериумите за оценување, кои претставуваат конкретни мерки за процена на постигањата на кандидатите. За секое ниво, одредени се елементарни резултати од учењето, означени со кратенката ЕРУ, кои претставуваат минимални стандарди кои кандидатите треба да ги постигнат за преод на повисоко ниво. Дополнително, во Програмите се дадени примери за задачи или прашања за секој резултат од учењето. Тие им служат на спроведувачите на Програмата како модел при проверката дали кандидатите ги постигнале очекуваните резултати од учењето.
Наставата се одвиваше во периодот од Декември 2020 до Август 2021 година или вкупно 7 месеци. Беа одржани вкупно 3024 наставни часа, со траење од по 40 минути.
При спроведување на обуката – наставните часови на кандидатите, наставниците користеа различни наставни методи и наставни средства. Како на пример, при совладување на буквите кај некои кандидати кои ги немаа совладано претходно се користеа:

Практични - се однесуваат на активни методи (како на пример: работа со помош, устен метод (монолошки), разговорен метод (дијалошки), пишан метод, демонстративен метод, илустративен метод, практичен метод, Текст метод (читање и работа со текст), главна цел на наставниците беше да ги зајакнат теоретските вештини на кандидатите во практиката. На тој начин се оформи висока мотивација кај кандидатите за понатамошна активност во обуката.

Визуелните методи се изведуваа со помош на интерактивни средства, како на пример користење на лаптоп компјутер за време на наставата, каде кандидатите гледаа одредени видеа за наставната единица која се спроведуваше во моментот. Поднесувањето на материјалот станува поуспешно и го максимизира користењето на човечкиот визуелен сензорен систем.

Вербалните наставни методи се традиционални методи па така со помош на зборот, за време на лекцијата може да пренесете голем слој на информации каде е вклучен и аудитивниот канал на перцепција.

Односот, пристапот и мотивираноста на кандидатите кои присуствуваа за време на целата обука беше на завидно ниво. Секогаш учествуваа во наставата за време на часовите, беа примерни и секогаш мотивирани на високо ниво за нови знаења.

На крајот, на учесниците им беше извршена проверка и вреднување на знаењата стекнати за време на обуката, и кандидатите ги постигнаа следниве резултати: од вкупно 45 кандидати, 28 кандидати завршија прво и второ ниво, 16 завршија трето ниво и еден кадидат ги заврши сите 6 нивоа.




На кандидатите им беше издадена Потврда за завршено одредено ниво на знаења. Сите кандидати беа согласни дека сакаат да продолжат со другите нивоа, за да можат да го комплетираат основното образование.

На крајот, сите учесници на обуката, добија анкетен прашалник во врска со изведувањето на обуката и причините за посетеност на обуката од нивна страна. Беа анкетирани сите 45 учесници и се добија следниве резултати:

1.Квалитет на обуката, од 45 анкетирани учесници, 40 се изјаснија – точно (или оцена 5) дека обуката е интересна, 42 се изјаснија точно (или оцена 5) дека обуката беше добро организирана и 40 од учесниците се изјаснија дека обуката е корисна или – точно (оцена 5). За делумно (или оцена 3), 5 учесници се изјаснија на тврдењето дека обуката е еинтересна, 3 се изјаснија делумно (или оцена 3) дека обуката беше добро организирана и 5 од учесниците се изјаснија делумно (или оцена 3) дека обуката е корисна.










2.Организациски аспекти, од 45 анкетирани учесници, сите 45 се изјаснија точно (или оцена 5) дека местото и времето за одржување на обуката беше добро. На тврдењето дека организацијата на обуката беше на професионално ниво, сите 45 учесници се изјаснија точно (или оцена 5), додека за тврдењето условите за реализација на обуката беа добри, точно (или оцена 5) се изјаснија 41 учесник, а четворица од нив се изјаснија делумно (или оцена 3).

3.Генерално вреднување на обуката, сите 45 учесници се изјаснија дека ваков вид на обука е многу потребна.

Во вториот дел од анкетниот лист, беше оставен простор самите учесници да дадат свои коментари на прашањата: Која беше причината за учество на обуката? Што посебно ви се допадна во оваа обука? Што е, според вас, несоодветно, иритирачко или лошо во самата обука? и општи коментари.

Најголем дел од учесниците, или 34 учесници се изјаснија дека причината за посета на оваа обука е можноста да завршат средно образование и со тоа да можат да конкурираат за работа откако ќе излезат од затвор, 24 учесници покрај оваа констатација се изјаснија дека им е потребно соодветно образование да можат да полагаат возачки испит. Оваа обука им се допаднала поради тоа што дел од времето им било исполнето со настава, дел од времето го поминувале заеднички во пишување домашни задача и читање и научиле корисни работи.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Денешната глобална политичка, економска и здравствена криза врши голем притисок на образованието и обуката на возрасни. Степенот, до кој системите за образование и обука на возрасни се способни да одговорат на нивните нови улоги и задачи ќе зависи првенствено од образовните политики, Оваа задача претставува огромен предизвик за Република Северна Македонија.

Создавањето можности за продолжување на учењето на возрасните и за подобрување на нивните вештини и капацитети е од витално значење за секоја земја, вршејќи влијание на нејзиниот економски развој, активното учество на луѓето во заедниците и граѓанското општество, негувањето на поддршка и почит кон културниот дијалог, креативноста и имагинативноста на младите и возрасните, почитта и заштитата на животната средина, зајакнувањето на статусот на учењето и знаењето и негувањето на вредностите на културата на живеење.

## ЛИТЕРАТУРА

Закон за образование на возрасни, Службен весник на Република Македонија бр. 7/2008, 17/2011, 51/2011, 74/2012, 41/2014, 144/2014, 146/2015, 30/2016 и 64/18

Кусиникова, Н., & Мирчевски, В. (2020). Верификација на Образование на возрасни, твојот водич – чекор по чекор, Консалтинг за стратешки развој, УСАИД, Скопје, 2020

Манифест за учењето на возрасните во 21 век, European Association for the Education of Adults, Кофинансирано од Програмата на Европската унија Еразмус+, 2020

Стратегија за образование на возрасни (2016 – 2020). Enhancing Lifelong Learning through Modernizing the Vocational Education and Training and Adult Education Systems, Project Reference Number : EuropeAid/135834/IH/SER/MK, Скопје, 2016 година

Стратегија за образование на возрасни (2019 – 2023). Советот за образование на возрасните на Република Македонија, МОН, Скопје, декември 2018 година

УНДП (2000). милениумските развојни цели (МРЦ) – Милениумска декларација на Обединетите нации, Милениумски самит во Њујорк, 6-8 септември

УНДП (2005). Извештај на Република Македонија за напредокот во остварувањето на милениумските развојни цели

УНЕСКО & УИЛ (2012). Насоки на УНЕСКО за признавање, потврдување и акредитирање на резултатите од неформалното и информалното учење. Хамбург: Институт за доживотно учење на УНЕСКО

CEDEFOP (2012). Од образование до работа – Резултати на пазарот на трудот од стручното образование и обука, Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската унија, (2012).

Cedefop (2012). Трендови во политиката за СОО во Европа (2010-12). Напредок кон Bruges communiqué, Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската унија, (2012).

CONFINTEA VI – Belém Framework for Action

Global Education Report on Adult Learning and Education III (2016).

Transforming our world: the 2030 Agenda for Sustainable Development - World Education Forum's Incheon Declaration and Education 2030 Framework for Action (2015).

UNESCO Recommendation on Adult Learning and Education (2015).